РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 03-1437/1
20-02-2023 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на Програмата за еднакви можности на мажите и жените во Општина Струмица за 2023 година (Службен гласник на Општина Струмица бр.22/22) и член 29 од Статутот на Општина Струмица (Службен гласник на општина Струмица бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК
**за пројавување интерес за членови кои ќе бидат дел од Локален совет за женско претприемништво на општина Струмица**

## 1. Опис на јавниот повик

Општина Струмица распишува Јавен повик за пројавување интерес за членови кои ќе бидат дел од Локален совет за женско претприемништво кој ќе има за цел да поттикне започнување на нови бизниси за жени преку промоција на примери на добри практики, обезбедување на координација на активностите поврзани со женското претприемништво иницирани од различни актери, да креира програми и создава можности за финансиска поддршка на жените претприемачки, менторска и советодавна поддршка на жени претприемачки како и нивно вмрежување и промоција на пазари на локално и национално ниво.
Бројот на членови во Локалниот совет за женско претприемништво е најмногу 15 членови.

## 2.Право на учество

На јавниот повик право на учество ќе имаат сите амбициозни жени претприемачки (сопственички на бизниси, занаетчики, менаџерки, управителки, носителки на земјоделски стопанства и други) кои сакаат да дадат свој допринос во унапредувањето и развојот на женското претприемништво во општина Струмица. Исто така ќе допринесат за подобрување и унапредување на економската независност кај жените кои живеат или работат на територијата на општина Струмица.

## 3.Критериуми за пријавување

Критериуми кои треба да ги исполнуваат заинтересираните жени претприемачки кои сакаат да бидат дел од Локалниот совет за женско претприемништво се следните:

1. Да бидат сопственички или управителки на бизниси во Општина Струмица

2. Да можат да земат активно учество во локалниот совет што подразбира учество на средби и во активности

3. Да имаат желба да го споделат своето знаење и искуство со други жени

4.Активно да учествуваат во изготвување на локални документи за женско претприемништво

**<u>Општина Струмица се залага за еднакви можности помеѓу мажите и жените и како резултат на тоа на овој оглас можат да се јават и мажи претприемачи кои се спремни да дадат допринос за развој на женското претприемништво.</u>**

**4.Начин на пријавување на јавниот повик**

4.1 Потребна документација

Кратка биографија – CV

Мотивационо писмо

**Јавниот повик се објавува на 20.02.2023 година и трае заклучно до 28.02.2023 година.**

Потребна документација се доставува по пошта, на адреса Општина Струмица, ул.Сандо Масев бр.1, 2400 Струмица или во архивата на Општина Струмица (со назнака за Јавен повик за пројавување интерес за основање Локален совет за женско претприемништво).
Истата се доставува во затворен и запечатен плик, без означување на подносителот кое пријавува интерес на јавниот повик.

**Лице за контакт:**
**Нела Масалковска**
**nela.masalkovska@strumica.gov.mk**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**КОСТАДИН КОСТАДИНОВ**